РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
БР. 09 - 2195/1
24.07.2026 ГОД.
РЕСЕН

## ЈАВЕН ПОВИК

**За доделување на еднократна парична помош на семејства со првоодделенчиња запишани во основните училишта на територијата на Општина Ресен во учебната 2026/2027 година**

Ги повикуваме родителите/старателите да поднесат Барање за еднократна парична помош во висина од 5.000,00 денари што ги доделува Општина Ресен на семејства со првоодделенчиња запишани во основните училишта на територијата на Општина Ресен.

Барањата за еднократна парична помош можат да се поднесат секој работен ден додека трае повикот од 09.00 часот до 15.00 часот во услужен центар на Општина Ресен во период од 27.07.2026 година до 12.08.2026 година.

Образец од Барањето може да се подигне во услужниот центар или на веб страната на Општина Ресен, www.resen.gov.mk Во прилог на барањето се доставуваат следните документи:

1.Фотокопија од извод од матична книга на родени (за првачето)

2.Фотокопија од важечка лична карта или патна исправа /пасош за еден од родителите/старатели.

3.Фотокопија од активна транскациска сметка на истиот родител/старател - даночен обрезник од кој заедно со барањето е приложена копија од лична карта или патна исправа.

Градоначалник на Општина Ресен

Јован Тозиевски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РЕСЕН РЕСЕН